**Г Р А Д   С К О П Ј Е**

ПРЕДЛАГАЧ: **Градоначалник на Град Скопје**

ИЗГОТВУВАЧ: **Сектор за планирање и уредување на просторот**

ПРЕТСТАВНИК: **Секретар на Град Скопје**

ПОВЕРЕНИК: **Раководител на Сектор за планирање и уредување на просторот**

# П Р Е Д Л О Г – О Д Л У К А

**за воспоставување меѓуопштинска соработка помеѓу Град Скопје и Општина Гази Баба за реконструкција на краци од улица "Христофер Жефаровиќ", Општина Гази Баба**

Скопје, Март 2023 година

ПРЕДЛОГ

Врз основа на член 36 и член 14 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ број 5/02), а во врска со член 4 од Законот за меѓуопштинска соработка („Службен весник на Република Македонија“ број 79/09), Советот на Град Скопје на __________ седница, одржана на _______ 2023 година, донесе

# О Д Л У К А

## за воспоставување меѓуопштинска соработка помеѓу Град Скопје и Општина Гази Баба за реконструкција на краци од улица “Христофер Жефаровиќ”, Општина Гази Баба

### Член 1

Со оваа одлука се воспоставува меѓуопштинска соработка помеѓу Град Скопје и Општина Гази Баба за реконструкција на краци од улица “Христофер Жефаровиќ”, Општина Гази Баба и се уредува начинот и условите на финансирањето, како и други прашања во остварување на заедничката цел и интерес.

### Член 2

Вкупната вредност за реализација на меѓуопштинската соработка од членот 1 на оваа Одлука, изнесува 2.050.000,00 денари со вклучен ДДВ, односно 1.737.288,00 денари без вклучен ДДВ.

Градот Скопје во остварувањето на оваа соработка ќе учествува со средства во висина од 2.050.000,00 денари, со вклучен ДДВ, обезбедени од Буџетот на Град Скопје за 2023 година, од подпрограма Ј6 424320 – Одржување на улици – летно.

Општина Гази Баба во остварувањето на оваа соработка ќе учествува со издавање на Решение за реконструкција и решавање на можните имотно-правни спорови.

Средствата од ставот 2 на овој член ќе се користат исклучиво за намената од член 1 на оваа Одлука и во согласност со прописите со кои се уредуваат градежни работи од ваков тип, а работите ќе ги изведе ЈП Улици и Патишта – Скопје.

### Член 3

За реализација на оваа одлука Градоначалникот на Град Скопје ќе склучи договор со Градоначалникот на Општина Гази Баба, во форма и содржина пропишана во Законот за меѓуопштинска соработка.

### Член 4

Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Град Скопје“.

Број ________
_________2023 година
С к о п ј е

СОВЕТ НА ГРАД СКОПЈЕ
ПРЕТСЕДАТЕЛ,
Трајко Славески

О Б Р А З Л О Ж Е Н И Е

Правен основ за донесување на оваа Одлука е членот 36 и членот 14 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“број 5/02), и член 4 од Законот за меѓуопштинска соработка („Службен весник на Република Македонија“ број 79/09), согласно кои Советот на Град Скопје е надлежен за донесување на одлука за воспоставување на меѓуопштинска соработка заради остварување на заеднички интереси и вршење на заеднички работи од надлежност на општините. За остварување на заеднички интереси и цели во вршењето на надлежностите, општините здружуваат финансиски и материјални средства. Одлука за воспоставување на меѓуопштинска соработка донесува секој од советите на општините. Поаѓајќи од таквата можност, а аргументирана од страна на Градот Скопје и Општина Гази Баба како проект во рамките на редовна стручна соработка, го оценуваат како еден од заедничките приоритети.

Врз основа на проценка извршена од страна на Изведувачот, констатирано е дека за реализација на проектот за реконструкција на краци од улица “Христофер Жефаровиќ”, Општина Гази Баба потребни се 2.050.000,00 денари со вклучен ДДВ.

Средствата потребни за реализација на оваа одлука, Град Скопје ќе ги обезбеди од Буџетот на Град Скопје за 2023 година.

Врз основа на горенаведенето, се предлага Советот на Град Скопје да ја донесе предложената Одлука.